# (ВИДЕО) Селмани: Груевски и Вељаноски игнорираат, Ахмети нема време да разговара за реформи во медиумите

Објавено: [14:31, 22/03/2016] Прегледано: 763 пати.




11
SHARES
Facebook
Twitter

Петте организации ЗНМ, ССНМ, МИМ, Совет за етика во медиумите и Институтот за комуникациски студии, за 10 дена откако побараа разговори со политичките партии за да разговараат за реформи во медиумите, се сретнале само со лидерот на СДСМ, Заев. Екс премиерот Груевски и спикерот на Собранието, Вељаноски го игнорираат нивното барање, а Ахмети им одговорил дека нема време да разговара со новинари за медиумските реформи.

> – Не е исклучено да организираме протести, нема да престанеме со нашите барања, нема да има молк, време е да го тргнеме срамот од оваа наша новинарска професија, рече Теофил Блажевски од ССНМ

Со ваквото неодговорно однесување власта го прогласи за ништовен договорот од Пржино, каде се обврза на медиумски реформи со цел да имаме слободни и веродостојни избори, оценуваат петте медиумски здруженија.

Насер Селмани

> – ВМРО – ДПМНЕ и ДУИ заради теснопартиски интереси ја доведуваат во прашање и интеграцијата на земјата во ЕУ. Ја повикуваме власта да ги исполни преземените обврски и да не поднесува во Собрание парцијални решенија, кои нема да ја подобрат состојбата со слободата на медиумите, рече Насер Селмани, претседател на ЗНМ.

Тие бараат од опозицијата да ги повлече од собраниска процедура законските измени за укинување на радиодифузната такса.

> – Ќе се спротивставиме на секој обид со козметички измени на законите што се однесуваат на медиумите, партиите да глумат медиумски реформи.